*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник | Број 1 | |
|---|---|---|
| на Општина Штип | 1 февруари 2011 година | ГОДИНА XLVIII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |

1.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1014/3 | Општина Штип |
| 1 февруари 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов |

2.

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“, број 68/04, 127/06, 114/09 и 83/10) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“, број 01/03, 18/07, 11/08,

07/09 и 16/09), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/07, 20/07, 06/10 и 13/10) во член 10 став 3 се менува и гласи:

„Тарифата по која се наплатува автотакси превозот изнесува:

1. Старт (почеток) на превозот и превоз до 2 (два) км ----------- 50,00 денари
2. Изминат километар ---------------------------------------------------- 20,00 денари
3. Еден (1) час чекање ---------------------------------------------------- 200,00 денари“.

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да утврди пречистен текст на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува од 1 март 2011 година.

Број 0701-1014/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

3.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ВРШЕЊЕ РЕДОВНА КОНТРОЛА НА КОРИСТЕЊЕТО
НА ТАКСИМЕТАР ОД СТРАНА НА ТАКСИ ПРЕВОЗНИЦИТЕ

I

Се објавува Заклучокот за вршење редовна контрола на користењето на таксиметар од страна на такси превозниците.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1014/4
1 февруари 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов

4.

Во врска со член 88 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“, број 68/04, 127/06, 114/09 и 83/10) и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип број 0701-1014/1 („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/11), а врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ВРШЕЊЕ РЕДОВНА КОНТРОЛА НА КОРИСТЕЊЕТО
НА ТАКСИМЕТАР ОД СТРАНА НА ТАКСИ ПРЕВОЗНИЦИТЕ

I

Овластениот инспектор за патен сообраќај на Општина Штип да врши редовна контрола на користењето на таксиметар од страна на такси превозниците.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1014/2
31 јануари 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска

5.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
„ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште „Штип-проект“-Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1015/2
1 февруари 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов

6.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
„ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште „Штип-проект“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште „Штип-проект“ број 0204-463/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Штип-проект-Штип на 10 декември 2010 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1015/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

7.

Врз основа на член 33 од Статутот на ЈП „Штип проект“-Штип број 0101-563/2 од 08.12.2006 година, Управниот одбор на ЈП „Штип-проект“-Штип, на седницата одржана на 10 декември 2010 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА
ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА
ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ „ШТИП-ПРОЕКТ”-ШТИП

Член 1

Во Статутот на ЈП „Штип-проект”-Штип број 0101-563/2 од 08.12.2006 година, членот 4 се менува и гласи:

„Претежна дејност на ЈП „Штип-проект“-Штип е шифрата 42.11-изградба на патишта и автопати.

Јавното претпријатие во внатрешниот промет ги врши следните дејности:

41.20 Изградба на станбени и нестанбени згради
42.11 Изградба на патишта и автопати
42.12 Изградба на железници и подземни железници

| | |
|---|---|
| 42.13 | Изградба на мостови и тунели |
| 42.21 | Изградба на комунални објекти за течности |
| 42.22 | Изградба на електрични водоводи и телекомуникациски линии |
| 42.91 | Изградба на хидроградежни објекти |
| 42.99 | Изградба на други објекти од нискоградба, неспоменати на друго место |
| 43.11 | Уривање |
| 43.12 | Подготвителни работи на градилиште |
| 43.21 | Електроинсталатерски работи |
| 43.22 | Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди |
| 43.29 | Други градежно-инсталатерски работи |
| 43.99 | Останати специјализирани градежни работи, неспоменати на друго место |
| 52.21 | Услужни дејности поврзани со копнениот превоз |
| 68.32 | Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор |
| 71.11 | Архитектонски дејности |
| 71.12 | Инженерство и со него поврзано техничко советување |
| 71.20 | Техничко испитување и анализа |
| 74.30 | Технички испитувања и анализи“ |

Член 2

Се задолжува правната служба на ЈП „Штип-проект“-Штип да изготви пречистен текст на статутот.

Член 3

Статутот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”, а по претходна согласност на основачот.

Број 0204-463/2
10 декември 2010 година
Штип

Управен одбор
на ЈП „Штип проект”-Штип
Претседател
Анчо Стојанов, с. р.

8.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА
И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“ - Штип за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1016/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

9.

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА
И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води број 02-1693/10 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 29-30 декември 2010 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1016/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

10.

Врз основа на член 19 точка 8 од Статутот на ЈП „Исар“-Штип, Управниот одбор на седницата одржана на 29 декември 2010 година донесе

О Д Л У К А
за висината на цената за потрошена вода
и одведување на отпадните води

Член 1

Се врши промена на цената на 1м$^3$ потрошена вода и одведување на отпадните води од физички и правни лица.

Новите цени за **1м$^3$** потрошена вода по категорија на потрошувачи изнесуваат:

| Реден број | Категорија на потрошувачи | Стара цена | % на покачување | Нова цена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Домаќинства - вода | 25.60 | 39 | 35.50 |
| 2. | Домаќинства - канализација | 8.70 | 39 | 12.00 |
| 3. | Претпријатија - вода | 38.20 | 39 | 53.00 |
| 4. | Претпријатија - канализација | 16.40 | 39 | 23.00 |
| 5. | Детски градинки, основни, средни училишта, факултети, средношколски и студентски домови - вода | 25.60 | 39 | 35.50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Детски градинки, основни, средни училишта, факултети, средношколски и студентски домови - канализација | 8.70 | 39 | 12.00 |

Член 2

Се врши промена на цената на 1м$^3$ потрошена вода за корисниците на с. Долани и с. Драгоево.

Новите цени на 1м$^3$ потрошена вода по категорија на потрошувачи изнесуваат:

| Реден број | Категорија на потрошувачи | Стара цена | % на покачување | Нова цена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Домаќинства | 43.20 | 39 | 60.00 |
| 2. | Претпријатија | 68.80 | 39 | 95.50 |

Член 3

Корисниците кои користат вода за викендици и лозја ќе плаќаат на следниот начин:

- до 10 м$^3$ потрошена вода за месец ќе плаќаат по 35,50 денари од м$^3$;
- над 10 м$^3$ потрошена вода за месец ќе плаќаат по 191,00 денари од м$^3$.

Член 4

Корисниците кои користат вода од градскиот водовод за изградба на: колективни и индивидуални станбени објекти, деловни објекти и други објекти во изградба, за потрошената вода ќе плакаат цена од 63.00 денари од м$^3$.

Член 5

Домаќинствата кои немаат водомер ќе плаќаат паушален надоместок во висина од 10м$^3$ потрошена вода на член во семејството месечно.

Доколку водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично и не може да се утврди потрошената количина на вода, до поставувањето на исправен водомер, пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирањето на неисправноста на водомерот.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по довивањето на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1693/10
30 декември 2010 година

Ш т и п

Управен одбор на ЈП „Исар"-Штип
Претседател

Тоше Тулиев, с.р.

11.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1017/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

12.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Урбана заедница „Баби“ за турнирот ФУТСАЛ по повод верскиот празник „Водици“ – 20.000,00 денари;
2. Кристијан Паратиков за опожарен стан – 10.000,00 денари;
3. Осман Вејселов за опожарена куќа – 10.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-1017/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

13.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на спортски клубови по Програмата за спорт за 2011 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1018/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

14.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Фудбалски клуб „Брегалница 2008“-Штип за реализација на програмата за работа за 2011 година – 4.000.000, 00 денари;
2. Боречки клуб „Балканец 2008“-Штип за реализација на годишната програма за 2011 година – посебен план за омасовување на борењето – 900.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

Се задолжуваат Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008“-Штип и Боречкиот клуб „Балканец 2008“-Штип да поднесат извештај за доделените средства.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-1018/1 | Совет на Општина Штип |
| 31 јануари 2011 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

15.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЛЕСКОВИЦА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на месна заедница Лесковица.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1019/2 | Општина Штип |
| 1 февруари 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов |

16.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЛЕСКОВИЦА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на месна заедница Лесковица за реконструкција на локалниот пат кој што води до село Лесковица и брана Мантово, во износ до 50.000,00 денари, во натура со нафта.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-1019/1 | Совет на Општина Штип |
| 31 јануари 2011 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

17.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕВОЗ
НА ДОНАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за превоз на донација на медицинска опрема.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1020/2 | Општина Штип |
| 1 февруари 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов |

18.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕВОЗ
НА ДОНАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Георги Терзиски, претставник на ДАЗ – германско здружение на лекари за хуманитарна соработка, за обезбедување на превоз од Берлин до Штип за донесување на донација на медицинска опрема, во износ до 150.000,00 денари.

Член 2

Пред да се реализира донацијата, Советот го задолжува Георги Терзиски, да достави спецификација на опремата што треба да биде донирана.

Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1020/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

19.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1021/2
1 февруари 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов

20.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1021/1
31 јануари 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска

21.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8-МИ НОЕМВРИ –
ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ШТИП
2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 8$^{ми}$ Ноември – Денот на ослободувањето на Штип за 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1022/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

22.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8$^{ми}$ НОЕМВРИ –
ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ШТИП
2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 8$^{ми}$ Ноември – Денот на ослободувањето на Штип за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1022/1 — Совет на Општина Штип
31 јануари 2011 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска

23.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ГРАДОТ
19 ДЕКЕМВРИ – СВЕТИ НИКОЛА
2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на Денот на градот 19ти декември – Свети Никола за 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1023/2 — Општина Штип
1 февруари 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов

24.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ГРАДОТ
19 ДЕКЕМВРИ – СВЕТИ НИКОЛА
2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на Денот на градот 19$^{ти}$ декември – Свети Никола за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-1023/1 | Совет на Општина Штип |
| 31 јануари 2011 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска |

25.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА
НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, Д-Р ЗОРАН АЛЕКСОВ,
ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ОД ЈУНИ ДО ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јуни до декември 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1024/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

26.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, Д-Р ЗОРАН АЛЕКСОВ, ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД ЈУНИ ДО ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јуни до декември 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-1024/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

27.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА
ЗА РАБОТА НА ТППЕ - ШТИП
ВО 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за работа на Територијална противпожарна единица - Штип во 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1025/2 | Општина Штип |
| 1 февруари 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов |

28.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА
ЗА РАБОТА НА ТППЕ - ШТИП
ВО 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за работа на Територијална противпожарна единица - Штип во 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1025/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

29.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА
ЗА СОСТОЈБАТА И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА
ОД САМОПРИДОНЕСОТ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата и користење на средствата од самопридонесот.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1026/2
1 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов

30.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА
ЗА СОСТОЈБАТА И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА
ОД САМОПРИДОНЕСОТ

I

Се усвојува Информацијата за состојбата и користење на средствата од самопридонесот.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1026/1
31 јануари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

31.

Врз основа на член 100 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 јануари 2011 година го утврди пречистениот текст на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти.

Пречистениот текст на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти ги опфаќа Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Одлуката за измени и дополнување на Одлуката продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/06), Одлуката за измени и дополнување на Одлуката продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10) и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/10).

Број 0716-621/1
20 јануари 2011 година
Ш т и п

Комисија за статут и прописи
Претседател
Сузана Николовска

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ
## НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

(пречистен текст)

Член 1

На угостителските објекти хотел „Оаза“, хотел „Гарни“, хотел-ресторан „Изгрев“, мотел-ресторан „Ваго“ во чиј состав имаат објекти - ресторани за исхрана и на ресторан „Прециз Стил“ и „Брегалница“ им се продолжува работното време за 1 (еден) час.

Угостителските објекти за исхрана од ставот 1 на овој член можат да работат секој ден од 07,00 до 01,00 часот наредниот ден.

Во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари можат да работат од 07,00 до 02,00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 04,00 часот наредниот ден.

Член 2

На сите угостителски објекти во Општината Штип им се продолжува работното време за 1 (еден) час без надоместок и тоа:

- на денот на ослободување на град Штип - 8$^{ми}$ Ноември (еден ден);
- во деновите на одржувањето на фестивалот на забавни мелодии „Макфест“ (три дена);
- на 18 декември по повод денот на градот 19 декември - Св. Никола (еден ден); и
- во деновите на одржување на манифестацијата „Пастрмалијада“ (три дена).

Член 3

На угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, во текот на целата година во деновите петок и сабота им се продолжува работното време за **еден час**.

За продолжување на работното време од став 1 на овој член се плаќа надоместок од **600,00** денари за секој ден на продолжено работење.

Продолжувањето на работното време од став 1 на овој член важи само за угостителските објекти кои не се во колективна станбена зграда.

Член 4

На угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, им се продолжува работното време за **еден час** во деновите недела, понеделник, вторник, среда и четврток (доколку не се претпразнични или празнични денови) и во периодот од 16 февруари до 31 мај и од 1 септември до 24 декември.

За продолжување на работното време од став 1 на овој член се плаќа надоместок за секој ден на продолжено работење и тоа:

1. Угостителски објекти што вршат дејност во деловни простории со површина до 20 м$^2$ - 150 денари од ден;
2. Угостителски објекти што вршат дејност во деловни простории со површина од 20 м$^2$ до 50 м$^2$ - 200 денари од ден; и
3. Угостителски објекти што вршат дејност во деловни простории со површина над 50 м$^2$ - 250 денари од ден.

Продолжувањето на работното време од став 1 на овој член важи за угостителските објекти што не се во колективни станбени згради освен за угостителските објекти што вршат дејност во деловни простории со површина до 20 м$^2$ и тоа: гостилници, киосци, кебапчилници, млечни ресторани, бистроа, објекти за брза исхрана и кантини.

Надоместокот од став 2 на овој член се приход на буџетот на Општина Штип.

Член 5

Барањето за продолжување на работното време за еден час се поднесува до Одделението за комунални дејности на Општина Штип.

Кон барањето се приложува доказ за регистрирана дејност.

Доколку угостителскиот објект ги задоволува условите од член 2 на оваа Одлука, Одделението за комунални дејности ќе донесе решение за продолжување на работното време за еден час.

Решението се издава за најмалку 2 именувани дена во седмицата, а најдолго до 1 година.

Решението не може да се пренесе на друго правно или физичко лице.

Член 6

Пречистениот текст на Одлуката ќе објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 1. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип | 1/1 |
| 2. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип | 1/1 |
| 3. | Решение за објавување на Заклучок за вршење редовна контрола на користењето на таксиметар од страна на такси превозниците | 2/1 |
| 4. | Заклучок за вршење редовна контрола на користењето на таксиметар од страна на такси превозниците | 3/1 |
| 5. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“ - Штип | 4/1 |
| 6. | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“ - Штип | 4/1 |
| 7. | Одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“ - Штип | 5/1 |
| 8. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“ - Штип за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води | 6/1 |
| 9. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“ - Штип за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води | 7/1 |
| 10. | Одлука за висината на цената за потрошена вода и одведување на отпадните води | 8/1 |
| 11. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства | 10/1 |
| 12. | Одлука за доделување на финансиски средства | 10/1 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на спортски клубови по Програмата за спорт за 2011 година | 11/1 |
| 14. | Одлука за доделување на финансиски средства на спортски клубови по Програмата за спорт за 2011 година | 11/1 |
| 15. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на урбана заедница „Лесковица“ | 12/1 |
| 16. | Одлука за доделување на финансиски средства на урбана заедница „Лесковица“ | 13/1 |
| 17. | Решение за објавување на Одлука за одобрување средства за превоз на донација на медицинска опрема | 14/1 |
| 18. | Одлука за одобрување средства за превоз на донација на медицинска опрема | 14/1 |
| 19. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година | 15/1 |
| 20. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година | 16/1 |
| 21. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одбележување на 8-ми Ноември – денот на ослободувањето на Штип за 2010 година | 16/1 |
| 22. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одбележување на 8-ми Ноември – денот на ослободувањето на Штип за 2010 година | 17/1 |
| 23. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одбележување на денот на градот 19 декември – Свети Никола за 2010 година | 18/1 |
| 24. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одбележување на денот на градот 19 декември – Свети Никола за 2010 година | 18/1 |
| 25. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јули до декември 2010 година | 19/1 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јули до декември 2010 година | 20/1 |
| 27. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за работа на ТППЕ-Штип во 2010 година | 20/1 |
| 28. | Заклучок за усвојување на Информација за работа на ТППЕ-Штип во 2010 година | 21/1 |
| 29. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбата и користење на средствата од самопридонесот | 22/1 |
| 30. | Заклучок за усвојување на Информација за состојбата и користење на средствата од самопридонесот | 22/1 |
| 31. | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти (пречистен текст) | 23/1 |